Aрх

Државен инспекторат за животна средина
ул. „Павел Шатев“ бр. 2 -Палата „Емануел Чучков“ Скопје
http://www.sei.gov.mk/

Решение бр. ИП1-08-267
Датум 19.07.2022година
Државниот инспекторат за животна средина преку Главен водостопански инспектор Лидија Зафировска, со службена легитимација број рег.бр.06-0021 од 19.02.2020год, изврши **вонреден** инспекциски надзор над субјектот Акционерско друштво Водостопанство на Република Северна Македонија во државна сопственост со седиште Ул.„3-та Македонска бригада“ бр. 1 - 10а Скопје застапувано од директор Локман Љимани и со Записник број ИП1-08-267 од 13.07.2022 година, ја утврди фактичката состојба и врз основа на член 230 став 1 став 2 став 3 , член 18,123,124,126,131, 142 од Закон за води („Службен весник на Република Македонија“ бр.87/2008, 6/2009, 161/2009, 83/2010, 51/2011, 44/2012, 23/2013, 163/2013, 180/2014, 146/2015 и 52/2016 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.151/2021), го донесе следното:

**РЕШЕНИЕ**

1) Се наредува на субјектот на надзор Акционерско друштво Водостопанство на Република Северна Македонија: Да достави до ДИЖС геодетски премер на ископот на каналот на ИЛ 1192 КП 1675, ИЛ 113 КП 1712 со скица на точно одредени координати за катастарска парцела на ископот, позитивно мислење за извршување на активноста ископ на канал за одбрана од поплавни води од надлежно министерство за животна средина дали се постапува според член 124 и 126 од Закон за води, и договор за извршување на работни активности со друштво Потполошка.

2) Рокот за извршување на изречената инспекциска мерка од точка 1 на ова решение, изнесува 3 (три) дена од приемот на решението.

3) Доколку не се постапи во дадениот рок по точка 1 од ова решение ќе се отпочне постапка за прекршок според член 244 став1 точка 12 со понудување на записник за спогодување(во прилог на ова решение).

4) Субјектот на инспекциски надзор од точка 1 на ова решение, е должен веднаш по истекот на рокот определен за извршување на инспекциската мерка, а најдоцна во рок од три дена, писмено и/или по електронска пошта, да го извести инспекторот дали е извршена инспекциската мерка.
5) Жалбата изјавена против ова решение, не го одлага неговото извршување согласно член 240 став 6 од Закон за води. При поднесување на жалба потребно е да се достават во прилог на жалбата целокупната приложена документација во копија верна на оргинал наведена во образложение од ова решение

**Образложение**

Државниот инспекторат за животна средина врз основа на на член 230 став 1 став 2 став 3 , 18,123,124,126,131, 142 од Закон за води („Службен весник на Република Македонија“ бр. 87/2008, 6/2009, 161/2009, 83/2010, 51/2011, 44/2012, 23/2013, 163/2013, 180/2014, 146/2015 и 52/2016 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 151/2021), преку Главен водостопански инспектор Лидија Зафировска, со службена легитимација број рег.бр.06-0021 од 19.02.2020год, изврши **вонреден** инспекциски надзор над субјектот Акционерско друштво Водостопанство на Република Северна Македонија во државна сопственост со седиште Ул.„3-та Македонска бригада“ бр. 1 -10а Скопје застапувано од директор Локман Љимани и со Записник број ИП1-08-267 од 13.07.2022 година, ја утврди фактичката состојба,во кој е констатирано: Во инспекцискиот вонреден надзор на ден 13.07.2022год. се изврши теренски увид по добиена преставка за нелегално копање во речно корито на река

Решение бр. ИП1-08-267
Датум 19.07.2022година
Пчиња со багери во сопственост на АД Водостопанство со намена да се врши ископ за приватни цели на ловно друштво. Од причина што се работеше за ископ во речно корито по добивање на преставката веднаш се излезе на терен со преставник од АД Водостопанство. При увид се констатира неодамнешен нелегален ископ надвор од границите на издадена дозвола бр. УП1 11/5-335/21 од 05.05.2021за уредување на речно корито. За овој ископ преставникот немаше објаснување кога се вршел ископот. Подалеку од нелегалниот ископ се слушаше работа на багер но поради причината што беше затворен приодот од страна на ловното друштво до место на ископот се повика полициска асистенција. Од страна на полициските службеници од ПС Петровец кои пристигнаана лице место се даде телефонски број од претседателот на управниот одбор лицето Звонко Цветковски. По остварен телефонски контакт со ова лице, вработен од ловното друштво го отвори затворениот премин. По влегувањето на затворениот простор на кој ловното друштво Потполошка чува животни, непосредно во близина на река Пчиња багерист Атанасовски Велимир вработен од АД Водостопанство –подружница водостопанство Скопско поле копаше канал со багер марка Sunward 210 со зафатнина на корпа 0.85м3. Багерот е во сопственост на АД водостопанство на РСМ. Ископот на каналот се одвиваше на парцела со ИЛ 1192 КП 1675, ИЛ 113 КП 1712 култура земјиште под води сопственост на РСМ . на оваа парцела немало постоечки канали за одводнување со кои управува АД Водостопанство на РСМ. Од страна на вработениот на ловното друштво се укажа дека каналот се копал за заштита од поплавни води на река Пчиња и заштита на имотот на ловното друштво Потполошка. Имотот на ловното друштво од страна на речно корито на река Пчиња не е ограден па не може да се одреди граница на парцела со која располага ловното друштво Потполошка. Преставникот на АД Водостопанство Коста Малзарков при увидот се изјасни дека не е запознаен дали за копањето на каналот АД Водостопанство има согласност од надлежно министерство за животна средина како и дали има договор за извршување на работни активности копање на канал за заштита на имот на ловното друштво Потполошка.
Врз основа на изнесеното се одлучи како во диспозитивотна ова решение.

**ПРАВНА ПОУКА**

Жалбата изјавена против ова решение, не го одлага неговото извршување согласно член 240 став 6 од Закон за води. При поднесување на жалба потребно е да се достават во прилог на жалбата целокупната приложена документација во копија верна на оргинал наведена во образложение од ова решение.

Против ова решение според член 230 од делокруг на водостопанскиот инспектор и постапување според членот 234 од Закон за води незадоволната странка може да изјави жалба против решението според член 240 од Закон за води.

Жалба против ова решение може да се изјави во рок од 15(петнаесет) дена од приемот на решението доставена до Државната Комисија за одлучување во втор степен од областа на инспекцискиот надзор и прекршочната постапка на следната адреса: Кеј „Димитар Влахов„ бр. 4 Скопје. Според член 37 од Закон за административните такси, според тарифа на административните такси за списите и дејствата кај органите на управата во РСМ за жалба против решение за тарифен број 2 се уплатува 250 ден на соодветна уплатна сметка во рамките на трезорската сметка.

Решено во Државен инспекторат за животна средина со решение бр. ИП1-08-267 од 19.07.2022год.

Лидија Зафировска

-----------------------------------

м.п. Главен водостопански инспектор

Бр.на легитимација Рег.бр.06-0021 од 19.02.2020год.